Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 79, 1 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област педологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област економика на земјоделството и развој на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за научната област хемија на земјиштето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област генетика и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната уметничка област џез саксофон на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 44

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник (асистент) за наставно-научната област граѓанско право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област елементарно образование (системи и методи) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 57

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 75

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 99

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ЕКОНОМСКАТА МИСЛА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Економски факултет на седницата одржана на 20 декември 2010 година, со Одлука бр. 1702-320/13 избра Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Тодор Тодоров, редовен професор, наставно - научна област историја на економската мисла (претседател),
- проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор, наставно - научна област економија и менаџмент (член),
- проф. д-р Ристо Фотов, вонреден професор, наставно - научна област финансии (член),

за избор на ***вонреден професор*** за наставно-научна област ***историја на економската мисла*** на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневното списание „Дневник”, на 9 декември 2011 година, и во предвидениот рок се пријави само кандидатот Круме Николоски, со звање доцент на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, особена чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Круме Николоски** е роден на 29 август 1973 година во Скопје. Магистрира и докторира на Универзитет за национално и светско стопанство во Софија, Република Бугарија. Кандидатот Круме Николоски има стекнат научен степен доктор на економски науки. Докторатот е изработен од областа на економијата на тема „Состојба и перспективи на индустриските односи во Република Македонија“. Дипломата на кандидатот со стекнат научен степен доктор на економски науки е нострифицирана и за истата има приложено соодветна документација. За време на постдипломските студии, кандидатот добива стипендија од страна на Министерството за наука на Република Македонија за научни дисциплини што не се изучуваат и не се доволно развиени во матичната земја.

Од 2002 до 2004 година работи во Државниот завод за статистика на Република Македонија во Секторот за социјални статистики. Неговата позиција била советник во Одделението за наука, образование и технологии. Исто така, ја извршувал и функцијата - државен инструктор и стручен соработник во спроведување на Пописот во 2002 година. Во овој временски интервал, главните активности и одговорности се однесувале на неговите самостојни научно-статистички истражувања, како што се: изработка на публикации за запишани и дипломирани студенти на факултетите и високите стручни школи во Република Македонија; изработка на публикации за магистри и доктори на науки на факултетите во Република Македонија; изработка на публикации за структурата на наставниот персонал на факултетите и високите стручни школи и изработка на месечни извештаи и соопштенија.

Во периодот од 2007 година до денес работи на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип. Круме Николоски е избран од Матичната комисија за основање на Универзитетот „Гоце Делчев”– Штип врз основа на Конкурс од 12 април 2007 за научната област историја на економската мисла. Неговата позиција е доцент на Економски факултет – Штип.

Доц. д-р Круме Николоски е раководител на Катедрата за економија. Исто така, од 2011 година ја извршува и функцијата продекан за настава. Како продекан за настава во континуитет се преземаа мерки за унапредување на квалитетот на образование и заштита на стандардот на студентите и вработените. Круме Николоски активно учествува во планирање, утврдување и развој на високообразовната дејност. Во однос на ова од негова

страна се изработени наставните програми за додипломски, постдипломски и докторски студии на Економски факултет – Штип и за истите се изработени елаборати за прв, втор и трет циклус на студии.

Во временскиот период од четири години, доц. д-р Круме Николоски учествуваше во изработката на: информатори за наставните програми на Економски факултет – Штип; изработка на дискриптори и додаток на диплома за сите наставни програми на Економски факултет – Штип; изработка на Елаборат за евалуација на Економски факултет – Штип.

Во интерес на квалитетот на научната и образовната дејност доц. д-р Круме Николоски е ангажиран во неколку научни области. Во контекст на ова држи настава по предметите од прв циклус на студии: Историја на економска мисла, Основи на економија, Јавно здравство, Здравствена економија, Менаџмент на здравствено-информациони системи. Исто така, изработува интерни скрипти по посочените предмети и одржани се предавања според наставната програма. Истакнуваме дека доц. д-р Круме Николоски и понатаму е ангажиран на прв циклус студии, но исто така има преземено ангажмани и на втор циклус студии на Економски факултет - Штип по предметните области: Напредна економија, Микроекономски принципи, Здравствена економија и Менаџмент на здравствено-информациски системи. Тој во исто време е и секретар за постдипломски студии.

***Наставно-образовна активност***

Доц. д-р Круме Николоски сè уште успешно ги извршува своите наставни активности ангажиран на прв циклус на студии по предметите: Историја на економската мисла (2+2+1), Основи на економија (2+2+1), Јавно здравство (2+2+1), Здравствена економија (2+2+1), Менаџмент на здравствено-информациони системи (2+2+1). Кандидатот е ангажиран и на втор циклус на студии и ги извршува наставните активности по предметите: Напредна економија, Микроекономски принципи, Здравствена економија и Менаџмент на здравствено-информациски системи. Исто така, кандидатот е ангажиран на прв циклус на студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Како Комисија, неопходно е да истакнеме дека доц. д-р Круме Николоски поседува квалитетни организациски способности и вештини коишто ги докажа во практиката и секојдневното работење. Од аспект на социјалните вештини, кандидатот поседува одлични комуникациски и презентациски вештини, професионалност и максимална ангажираност во пренесувањето на знаење на неговите студенти, поседување на социјална одговорност, скромност и коректност. Кандидатот членува и во многу комисии, ментор е на десетина дипломски работи, ментор на магистерски труд, како и претседател за јавна одбрана на дипломска работа.

Од аспект на научно-образовната активност на доц. д-р Круме Николоски, цениме дека е наопходно да дадеме краток преглед на неговите ангажмани:

- Член на пет рецензентски комисии за поднесување на рецензија на магистерски труд на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- Претседател на една рецензентска комисија за поднесување на рецензија на магистерски труд на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- Член на четири рецензентски комисии формирани на Факултетот за туризам и бизнис логистика за поднесување на реферат за избор на наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- Член на седумнаесет рецензентски комисии формирани на Економски факултет за поднесување на реферат за избор на наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- Претседател на три рецензентски комисии формирани на Економски факултет за поднесување на реферат за избор на наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- Член на уредувачки одбор на научно списание, Годишен зборник на трудови на Економски факултет – Штип за 2009, 2010, 2011;
- Учебно помагало со наслов на труд „Современи тенденции на јавното здравство" по предметот Јавно здравство од авторот доц. д-р Круме Николоски;

- Рецензент на труд - книга под наслов „Здравствено и социјално осигурување” од авторот проф. д-р Јован Пејковски;
- Рецензент на интерна скрипта под наслов „Макро и микро аспекти на трошоците во здравствениот сектор” од авторот доц. д-р Александар Костадиновски;
- Рецензент на интерна скрипта под наслов „Основи на здравствен менаџмент” од авторот доц. д-р Маргарита Матлиевска.

Во овие рамки од особено значење е да ја истакнеме наставно-образовната активност која се должи на педагошките и очигледните остварувања на кандидатот коишто се од важност за утврдување и исполнување на условите за избор на соодветното звање.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Евалуација на резултатите од научната и стручната активност на кандидатот доц. д-р Круме Николоски кои се презентирани на домашната и странската научна јавност преку следниве научни и стручни трудови:

***Евалуација на трудот број 1***

**Доц. д-р Круме Николоски: Современи тенденции на јавното здравство”. Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (рецензирано учебно помагало – скрипта)**

Врз основа на презентираниот труд за развој на научната мисла, ова дело претставува научен и оригинален израз во кој на доста елоквентен и разбирлив начин се разработени и објаснети здравствените појави и процеси во полето на јавното здравство и истите се соодветно поткрепени со одредени коментари и размислувања. Проблематиката која е предмет на обработка е поткрепена со релевантни научноистражувачки библиографски податоци, периодични списанија и интернет страници. Посебна вредност на оваа теоретска разработка е функционирањето на јавно-здравствениот систем со сите предности и слабости, како и пристапот, доследноста и систематичноста на авторот во разгледување на различните елементи на системот.

Од претходно изнесеното, истакнуваме дека ова учебно помагало е од особено значање како од теоретско-методолошки, така и од практичен аспект. Темите коишто се предмет на обработка, како и начинот на нивното хронолошко објаснување придонесуваат студентите запишани на оваа насока успешно да ја совладаат материјата по предметот Јавното здравство. Со други зборови, трудот претставува образовен и научен израз, приспособен за потребите на наставната програма од областа на здравствениот менаџмент, а секако дека истиот ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Конкретно, трудот под наслов „Современи тенденции на јавното здравство” е приспособен, пред сè, на наставната програма на насоката Здравствен менаџмент на Економки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Истиот може да го користат и студенти запишани на втор циклус студии, како и сите оние јавно-здравствени професионалци кои во истражувачката работа имаат потреба за следење на тенденциите од областа на здравството и здравствената заштита.

Наслов на трудот „Современи тенденции на јавното здравство” од авторот доц. д-р Круме Николоски има исклучителна и значајна вредност, затоа што истиот обработува проблематика којашто е недоволно истражена и во тој контекст досега нема објавено сличен учебник. Затоа научната и практичната цел е да се опфатат прашањата и проблемите во јавното здравство со силно издеференцирана област на истражување. Посебна вредност на научната цел на авторот е содржината на трудот да најде своја примена во сите јавни и приватни здравствени организации и институции коишто на интерен или екстерен начин ги презентираат своите согледувања, резултати од нивното работење, како и за преземање на соодветни одлуки во процесот на заштита на националното здравје на популацијата. Затоа овој труд го сметаме од интерес за научната и другата јавност од областа на здравството и здравствената заштита. Имено, овој труд според својата содржина се одликува со оригиналност и посебни карактеристики на квалитетно обработена материја.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачка работа и научна проценка. Прво, спектарот на јавното здравство е клучна претпоставка за детектирање на проблемите и тенденциите во јавното здравство. Потоа, намалувањето на морбидитетот и морталитетот на популацијата, кои се покажале исклучително ефективни со преземените превентивни мерки во процесот на менаџирање со јавно-здравствените установи. Второ, во јавно-здравствениот систем со сета негова комплексност се согледани основните елементи и нивното функционирање, како и целите кои треба да ги постигне секој успешно мерлив систем. Оттука, анализата е започната со примери, прашања и решенија на здравствените проблеми во рамките на системот. Сето ова овозможува долгорочно да се рационализираат трошоците и здравствените услуги, обемот, структурата и централната тенденција на јавното здравство. Трето, разгледани се прашањата кои се од национален интерес за секоја земја. Прашањата се поврзани со една и единствена цел, а таа е да имаме здрава популација. Со други зборови кажано, одговорноста за здравјето на нацијата подразбира превенција од болести, но и финансирање и претплата на јавно здравствените услуги.

Во овој контекст, авторот го потенцира значењето на националната јавно - здравствена политика којашто постепено треба да презема адекватни активности за унапредување на здравјето, изградба на структура за евалуација на здравјето и модифицирање на политиките согласно со менливите потреби во процесот на реформи на еден јавно-здравствен систем. Понатаму, вниманието е насочено кон разоткривање на организацијата на јавно-здравствената заштита, со цел да се прикаже системот на јавното здравство како широк спектар на организирани мерки и активности, коишто не само што се занимаваат со обезбедување на сите видови превентивни и терапевтски јавно-здравствени услуги, туку и со многу други есенцијални елементи неопходни за функционирање на оранизацијата на јавно-здравствената заштита.

Авторот го потенцира значењето од познавање на јавно-здравствениот систем и негово функционирање, затоа што само тој ќе им овозможи на студентите и на менаџерите да ги откријат проблемите и да ги утврдат потребите за здравството и здравствената заштита. Исто така, посветено е внимание на мерливиот јавно-здравствен систем и начинот на негово функционирање во обезбедување на соодветна здравствена заштита. Исто така, за секоја земја најзначајниот придонес врз здравјето на нејзината популација ќе биде воведувањето на организирани системи за обезбедување на здравствена заштита. Покрај сето ова, потенцирана е и одговорноста за ефикасно извршување на сите активности на системот на јавното здравство во насока на обезбедување на квалитетна здравствена заштита на сите нивоа на јавно-здравствен систем. Јавно-здравствениот систем се конституира и под влијание на политичките услови во една земја. Затоа секој јавно-здравствен систем во обезбедувањето на еднаква здравствена заштита ги зема предвид евидентираните јавно-здравствени проблеми и потреби на индивидуата и општеството, согласно со стратегиите и приоритетите за превенција од болести и унапредување на здравјето.

Врз основа на изнесеното, ракописот на трудот од доц. д-р Круме Николоски ги исполнува потребните услови: образовни, научни и стручни за да може да се објави како учебно помагало под наслов „Современи тенденции на јавното здравство", за предметот Јавно здравство. Учебното помагало е наменето за студентите на кои им нуди начин за поефикасно и поефективно совладување на проблематиката од областа на здравството и здравствената заштита. Исто така, него можат да го користат и сите други поединци кои се интересираат и се занимаваат со прашања од областа на менаџментот во јавното здравство. Основната цел е да се прикаже системот на јавното здравство како широк спектар на организирани мерки и активности, коишто не само што се занимаваат со обезбедување на сите видови превентивни и терапевтски јавно-здравствени услуги, туку и со многу други есенцијални елементи неопходни за функционирање на оранизацијата на јавно-здравствената заштита. Затоа во овој труд ќе пронајдете одговори на бројни прашања поврзани со практиката во процесот на управување со цел во континуитет да се подобри квалитетот на здравствената заштита.

***Евалуација на трудот број 2***

**Доц. д-р Круме Николоски, м-р Дарко Лазаров: Неокласична теорија на егзоген раст (модел на Solow и Swan). Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Економски факултет, 2011**

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап, квалитативната и квантитативната анализа и научна проценка.

Авторите доц. д-р Круме Николоски и м-р Дарко Лазаров во трудот се обидуваат да го анализираат влијанието на инвестиции врз растот на економијата на долг рок преку анализа на Solow-Swan моделот на раст. Исто така, авторите укажуваат и на фактот дека овој модел претставува еден од најексплоатираните модели на раст што економистите го користат во анализа на многу прашања поврзани со теоријата на растот. Фактот што авторите се обидуваат да го разработат овој модел го покажува нивното студиозно и продлабочено познавање на економската наука. Основното прашање на кои авторите се обидуваат да одговорат во трудот е зошто некои земји се побогати од други или зошто некои земји растат со поголема стапка на раст од други.

Моделот на Solow и Swan разликува две можни причини за варијациите во производството по работник, во различни временски периоди или во различни делови од светот: разлика во капиталот по работник и разлика во ефективноста на трудот.

Врз база на прашањето кое го тангира ова истражување за факторите кои го детерминираат растот и разликите во нивото на доходот помеѓу земјите, произлегува потребата од истражување на уште едно клучно прашање, дали е можно една економија да генерира позитивни стапки на економски раст во континуитет единствено преку инвестиции во физички капитал. Направен е обид преку емпириската анализа која се однесува на временски периодот од 1960 до 2000 година да ја потврди нивната првична хипотеза дека инвестициите не претставуваат доволна сила за растот на економијата, па врз основа на тоа не може да се третираат како базична причина за разликите во нивото на доходот помеѓу земјите.

Имено, резултатите од истражувањето покажуваат дека просечната годишна стапка на раст за 112 земји била околу 1.8 проценти, а стапката на бруто-инвестиции, 16 проценти. Анализите покажуваат дека просечната стапка на раст за супсахарските африкански земји била само 0.6 проценти, а стапката на бруто инвестиции само 10 проценти. Од друга страна пак, истражувањата за земјите од Источна Азија познати како „азиски тигри” покажуваат стапка на економски раст од 4.9 проценти и стапка на бруто-инвестиции од 25 проценти. Од оваа анализа може да дадеме констатација за позитивната врска која постои помеѓу инвестициите и економскиот раст. Но, посуптилните анализи за врската меѓу инвестициите и економскиот раст покажуваат дека за 23 OECD земји, просечната стапка на раст била за 2.7 проценти пониска во однос на стапката на раст на *азиските тигри*, каде што стапката на инвестиции била 24 проценти, речиси идентична како онаа на *азиските тигри*.

Во овој труд можеме да заклучиме дека не е доволен фактот што инвестициите ја зголемуваат стапката на раст, за да одговориме на овие тенденции потребно е да направиме подетална анализа за причините зошто со приближно иста стапка на инвестиции, односно *азиските тигри* бележеле повисоки стапки на раст во однос на OECD земји.

Трудот претставува, според содржината и начинот на разработката, дело во кое на оригинален начин е разработен моделот и се дадени примери, прашања и решенија со чија примена се овозможува да се елаборира наведената проблематика.

***Евалуација на трудот број 3***

**Доц. д-р Круме Николоски: Животниот стандард наспроти здравјето на економијата. Економија и бизнис, 2011**

Во овој труд авторот се обидел да разоткрие дали луѓето во една земја со поголем БДП или поголем БДП по жител се подобри или посреќни отколку луѓето во земја со помал БДП или помал БДП по жител? Од овој аспект една индивидуа со повеќе добра може да биде посреќна од индивидуа со помалку добра, но тоа не е можно. Во трудот, од макроекономска перспектива, се објаснети разликите помеѓу богатите и сирмашните

земји во постигнувањето на одржливи стапки на раст на БДП од страна на развиените земји, додека пак сиромашните земји не успеале да достигнат одржлив раст. Разликите во животниот стандард помеѓу богатите и сиромшните земји се објаснети преку разликите во продуктивноста како најзначаен фактор на економски раст. Со зголемување на продуктивноста се зголемува производството и достапноста до различни добра и услуги, односно се зголемува нивото на животниот стандард на популацијата. Доколку се прифати фактот дека колку е поголем БДП тоа ќе доведе до поголем животен стандард, тогаш се констатира дека БДП е поврзан со мерките на квалитетот на живот. Терминот квалитет на живот се однесува на благосостојбата на граѓаните на една земја. Меѓутоа, во трудот се посочени и други компоненти, коишто се немерливи, како што се: здравјето, слободното време, квалитетот на животната средина, социјалниот живот и друго.

Посебно внимание во трудот се посветува и на две клучни компоненти и тоа: влијанието на здравјето врз економијата и влијанието на економијата врз здравјето на популацијата.

Во првиот дел се потенцира дека здравјето придонесува за економски резултати, како на индивидуално така и на национално ниво, главно преку четири компоненти: поголема продуктивност на труд; поголема понуда на работна сила; образование и обуки и заштеди и инвестирање во физички и интелектуален капитал.

Во трудот детално се анализирани овие компоненти со што се потенцирани фундаменталните прашања и проблеми поврзани со соодветната област што е предмет на истражување.

Во вториот дел авторот го истражува влијанието на економијата врз здравјето на популацијата. Тука е потенциран односот помеѓу продуктивноста и животниот стандард кои имаат длабоки импликции за една владина политика. Владите, со цел да го зголемат животниот стандард, неопходно е да ја зголемат продуктивноста под претпоставка работниците да го имаат стекнато најдоброто знаење и вештини, да ги имаат потребните средства за производство на добра и услуги и да имаат знаење и пристап како рационално да ја искористат најдобрата расположлива технологија. Меѓутоа авторот разоткрива друга суштина. Неопходна е изградба на здрав систем на индустриски односи. Потоа, креаторите на политиките да имаат влијание врз животниот стандард.

Авторот укажува на фактот дека социјалната карактеристика на економскиот раст се препознава во обезбедувањето на економски ресурси кои ќе овозможат намалување на сиромаштијата, инвестирање во квалитетно образование и здравствена заштита, односно придонесуваат за одржливост на функционирањето на финасискиот систем. Доколку доброто здравје е често поврзано со очекуван подолг живот, индивидуите со добра здравствена состојба би имале повисока стимулација да инвестираат во образование и обуки, така што стапката на депрецијација на потребните вештини би била помала. Популацијата чијшто животен век се зголемува, може да има повисоки заштеди и сето тоа би резултирало во повисока склоност кон инвестирање во физички или интелектуален капитал, но од друга страна ги зголемува трошоците за здравствена заштита. Обезбедувањето на нова и подобра технологи овозможува економски просперитет и зголемена продуктивност. Од друга страна, здравствената технологија повторно придонесува за зголемување на трошоците од аспект на услугите за превенција и лекување. Исто така, оправдано насочените финансиски средства за истражување и развој може да обезбедат нови производствени и потрошувачки модели кои ќе овозможат разумно користење на природните ресурси, намалените количини на отпад и загадување на водата и воздухот.

Во трудот, авторот, ги разработува аспектите на инвестирање во човечкиот капитал, односно инвестициите во социјалната инфраструктра кои подразбираат вклучување на активности, кои првенствено се однесуваат на образованието, здравството и здравствената заштита. Денес, на нив им се препишува се поголемо значење во постигнувањето на забрзан и усогласен економски и социјален развој. При истражувањата на здравствените резултати од постигнатите вложувања во заштита на здравјето се користат индиректни мерки со цел да се утврди колку тие вложувања придонесле во намалување на смртноста, неспособноста за работа, губењето на работната способност и друго. Важна компонента за зголемување на животниот стандард е просперитетот на индивидуите и општеството кој е поврзан со подобро здравје преку материјалните и психосоцијалните начини. Социјално-економскиот

развој на здравјето, на пример опсервацијата дека групите кои имаат повисок социјален и економски статус во земјата се поздрави од оние кои се наоѓаат на понизок степен. Ова е и едно од главните и комплексни истражувања кои се однесуваат на детерминантите на здравјето. Исто така, невработеноста дава јасен пример: недоброволната невработеност на индивидуите доведува до здравствени проблеми кои можат да предизвикаат самоубиство и насилство или на штета на сопствениот животен стил (на пример, консумирање на тутун и алкохол) за разлика од оние кои се вработени.

Истражувањата на авторот упатуваат на заклучокот дека зголемениот аутпут (БДП) и вработеност значат просперитет, а зголемениот доход и богатство не гарантираат здравствени придобивки. *На пример, авторот го посочува индустриското производство кое може да ја загадува физичката и природната околина, доколку таа не е мониторирана и регулирана. Или зголемувањето во производството и потрошувачката може да биде поврзано со производи кои имаат потенцијално негативни последици врз здравјето, како што се производите од тутун или помалку нутрициона храна. Во економијата во којашто постои доходовен диспаритет помеѓу богатите и сиромашните може да се очекуваат здравствени загуби наместо добивки за нејзин*ата популација. Овие загуби може исто така може да бидат сериозни во периоди на економска контракција отколку во услови на раст и развој.

Заклучоците, примерите и констатациите наведени во трудот се резултат на научната проценка и методологијата на научноистражувачката дејност.

***Евалуација на трудот број 4***

**Macroeconomic policies during recession and post-recession period, PhD Krume Nikoloski, MsC Darko Lazarov, Faculty of Economy, Goce Delcev University – Stip, 2010 Internationl coference, the economy end business in post – recession, University St. Kliment Ohridski – Bitola**

Во трудот, презентиран од авторите, ги разработуваат макроекономските политики за време на рецесија и пострецесиониот период. Се потенцира деловниот циклус којшто е главна тема на интерес во макроекономијата, со оглед на тоа дека флуктуациите на деловните циклуси – порасти и падови на глобалната економска активност се чувствуваат во секоја економија.

Во трудот се нагласува фактот дека економиите се подлежни на значајни краткорочни варијации во агрегатниот аутпут и вработеноста, па поради тоа таквите флуктуации претставуваат периодичен проблем за економистите и политичарите Разбирањето на причините на агрегатните флуктуации е фундаментална цел на макроекономијата. Авторите во трудот упатуваат на феноменологијата на рецесијата којашто има негативни импликации врз реалните макроекономски варијабли. Падот на вкупната економска активност значи намалување на агрегатниот аутпут, кој подразбира и намалување на вработеноста во националната економија. Кога земјата се наоѓа во фазата на рецесија, економијата се наоѓа далеку од точката на ефикасно користење на ресурсите, односно далеку од оптималното производство и природната стапка на невработеност.

Во овој труд, авторите го потенцираат влијанието на рецесијата врз квалитетот на живот на луѓето како најзначајна економска цел. Одговорот на прашањето дали треба да се преземат соодветни економски политики во услови на рецесија, со цел стабилизирање на економијата е контроверзно. Ваквата контроверзност произлегува од различните разидувања во макроекономијата помеѓу пристапите на класичарите и кејнзијанците. Секако дека како најзначајни макроекономски политики за намалување на негативните ефекти со кои се соочува економијата во услови на рецесија и воедно нејзино стабилизирање се наведуваат: фискалната и монетарната политика. Во трудот е дадена нивна поширока елаборација.

Авторите понатаму, со цел да ја надминат кризата која беше почувствувана во реалниот сектор на Република Македонија, Владата на почетокот презеде 70 антикризни мерки кои се однесуваат на три сегменти: ребаланс на буџетот, кој вклучува приспособување на приходите и расходите, со цел да се усогласат со новонастанатите околности (или со ревидираните макроекономски претпоставки за пораст на БДП од 1% и стапка на инфлација

од 1% за 2009 година). Со ребалансот на Буџетот ќе се обезбеди значителна заштеда на средства, што ќе овозможи да се задржи макроекономската стабилност, вклучително и одржлив дефицит во платниот биланс и што е најважно, стабилен девизен курс на денарот. Вториот сегмент вклучува пакет мерки за директна кредитна поддршка на претпријатијата преку кредитна линија од ЕИБ во износ од 100 милиони евра наменети мали и средни претпријатија, вклучувајќи долгорочни инвестициски кредити, краткорочни кредити за обртни средства, субвенционирање на каматните стапки за претпријатијата и издавање гаранции. Покрај овие средства, се очекува најмалку околку 100 милиони евра да бидат обезбедени од комерцијалните банки, од нивните сопствени средства, како кофинансирање, додека третиот сегмент опфаќа други мерки за поддршка на претпријатијата, вклучително мерки за олеснување на извозот на стоки, намалување на трошоците итн. Паралелно со антикризните мерки, Владата на Република Македонија ја продолжува и ја засилува реализацијата на пострецесиониот период од аспект на амбициозната економска програма за сеопфатни структурни реформи, односно реформи во деловното опкружување, со цел подобрување на влезот и излезот од пазарот и создавање слободна конкуренција, зајакнување на капацитетот на институциите, реформи во судството насочени кон забрзување на судските постапки, реформи во здравствениот систем, на пазарот на труд, во образованието, јавното финансиско управување, како и модернизација на инфраструктурата. Проекциите за 2010 година покажуваат дека македонската економија сè уште се соочува со сериозни тешкотии, но и покрај тоа, во втората половина од 2010 година ќе се очекува почнаат позитивни стапки на економски раст. Владата на Република Македонија заедно со монетарната власт треба да продолжат да водат координирани политики кои ќе бидат во насока на економски просперитет во наредниот период.

Во трудот се нагласува важноста на макроекономската политика, односно се даваат можности за стекнување на пошироки знаења. Трудот претставува, дело во кое на оригинален начин се дадени примери, прашања и сугестии со чија примена се овозможува да се потенцира важноста на наведената проблематика во областа на економските теории.

***Евалуација на трудот број 5***

**Доц. д-р Круме Николоски: Креирање на економско-социјален модел – состојба и перспективи. Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Економски факултет, 2010**

Во овој труд што е објавен во зборник, авторот ги посочува целите на европската социјална политика коишто се насочени кон унапредување на вработувањето, подобрување на условите за работа, соодветна социјална заштита, социјален дијалог, образование и усовршување на човековите ресурси. Овие цели треба да се сметаат за продуктивен фактор што произведуваат социјална, политичка и економска стабилност. Во овој труд, авторот го потенцира клучниот услов којшто треба да се развива на патот кон европското обединување, а тоа е да имаме еден општ социјален јазик во интерпретацијата на основните социјални категории на општествената комуникација, како што се категоријата граѓанин, граѓанско општество, граѓански права, граѓански дијалог, од една страна, и социјален систем, социјални институции, социјални права, социјален дијалог, од друга страна. Тука станува збор за една нова единствена семантика, на општоевропската комуникација, којашто ја дава општата смисла на сите централни категории за политичка дебата. Неопходно е да стигнеме до еднакво разбирање и општа смисла на основните реалности во економскиот, културниот, политичкиот и идеолошкиот модел на целокупното (организирано) општество.

Во овој труд како рецезентска комисија неопходно е да истакниме дека истиот претставува оргинално дело со посебен придонес во теоријата и практиката. Имено, ставовите и мислењата презентирани во овој труд се лични ставови на авторот врз основа на научната анализа изработена за соодветната област. Авторот предлага креирање на економско-социјален модел. Во таа смисла е истакнато дека социјалната политика е национален феномен, но истовремено и европски, бидејќи постојат специјализирани институции кои ја креираат европската политика која веќе дава конкретни резултати. Имајќи предвид дека директивите на Европската унија не се стриктни и структурирани, даваат можност одделните земји, вклучувајќи ја и Република Македонија поради различните

специфични услови, сами да изберат начин и форма како ќе ги реализираат истите. Важен момент е дека социјалната политика се смета за продуктивен чинител кој произведува социјална, политичка и економска стабилност. Посебно се истакнува дека во Република Македонија, имајќи го предвид започнатиот евроинтегративен процес, таа поинтензивно треба да продолжи со изградбата на економски социјален модел којшто за основни цели ќе ги има: полната вработеност, социјалната сигурност и социјалната кохезија. Негово реализирање се постигнува главно со повисока вработеност на населението, а особено на онаа група на граѓани кои се наоѓаат во нерамноправна положба на пазарот на труд, а коишто имат интелектуален капацитет и знаење да придонесат за својата земја. Што се однесува до неговата констатација го споменува Самитот, одржан во Лисабон во 2000 година, каде што Европската унија си постави амбициозна стратешка цел во наредната деценија земјите-членки да ја направат Унијата најконкурентен и најдинамичен стопански простор којшто се заснова врз знаење и кој е способен да оствари траен стопански раст со поголем број и подобри работни места и со поголема социјална усогласеност. Како пример на елаборација е земен европскиот економски и социјален модел со солидна основа за формирање на нов модел, нова институционална форма на дијалог со која Република Македонија ќе ја зацрта нејзината стратешка иднина. Спроведувањето на граѓанскиот и социјалниот дијалог означува дека широко претставените граѓански групи со посредство на своите организации можат да учествуваат во креирањето на својата иднина согласно со европскиот модел. Можноста граѓанскиот дијалог да вклучи и други граѓански групи, како што се организации на земјоделци, занаетчии, граѓански организации и други групи на интереси е многу важна карактеристика. Учеството на оваа група граѓани ја продлабочува својата важност. Ова е уникатната *карактеристика на социјалниот и граѓанскиот дијалог како дел од економско - социјалниот модел. Всушност, преку ваква институција и нејзина перманентна активност, во практика ќе се остварува еден од најважните принципи на европскиот социјален модел, тоа е општеството активно да учествува преку граѓанскиот дијалог во формулирањето и донесувањето на управувачките решенија. На тој начин ќе се направи разлика меѓу социјалниот дијалог и граѓанскиот дијалог. Граѓанскиот дијалог по својата суштина и сеофатност е многу поголем и поширок. Реалност е дека социјалниот и граѓанскиот дијалог се основните средства за демократска комуникација.*

Од научен аспект, со постигнувањето на општ интерес ќе се овозможи создавање правна рамка којашто ќе го промовира социјалниот дијалог, ќе го рашири опфатот на дијалогот и ќе ја подигне свеста за важноста на структурите кои ќе ги застапуваат интересите. Новиот модел на социјален и граѓански дијалог ќе биде единствена перспектива за успешно остварување на економско-социјалните реформи и постигнување на социјална кохезија. Улога на организираното граѓанско општество е да биде посредник меѓу јавните власти и граѓаните во барањето на динамичен компромис за постигнување на општествен консензус.

Неопходноста од дефинирање на основната реалност во семантиката на општиот европски и социјален модел бара многу заложби, труд и решителност, но истовремено за негова реализација се неопходни општиот интерес, општествениот консензус, меѓународни и домашни финансиски средства. За ваква квалитетна општествена промена, водечки услови се механизмите, нормите, вредностите, кои ќе го конструираат новото пространство, а истовремено и државниот приоритет за решавање на основните социјални и граѓански права на еден нов политички систем со свои институции, нов статут на своите граѓани, нови права и должности. Дебатата на државата и организираното граѓанско општество е нужна практика. Во овој процес новиот економско - социјален модел треба да ја претстави и изрази хипотезата на европскиот социјален модел, преку која ќе се обезбеди идејата за демократизам, конкурентност и благосостојба, заснована на солидарност и социјално вклучување на сите граѓани во Република Македонија. Она што е особено значајно како комисија е да истакнеме дека е неминовно креирање и спроведување на ваква институционална форма, вградување на соодветните норми на најсоодветен начин, согласно со приоритетите на Република Македонија и согласно со условите во економскиот и социјалниот живот. Сметаме дека ова прашање е од исклучително значење на коешто во иднина треба да се му се посвети поголемо внимание и интерес.

Според тоа, како што наведува авторот, европската иднина на Република Македонија зависи од развојот на демократијата и на економскиот и социјалниот развој. Потребни и се конкретни решенија и резултати коишто содржат дефинирани рерформски мерки и проекти во насока на постигнување на економска и социјална сигурност и справедливост. Уверен сум дека со ваков европски потег од страна на Владата на Република Македонија, како и реализација на ваков закон проект ќе биде чекор кон нов развоен циклус којшто ќе ја предводи новата етапа во развојот на националниот и културниот живот, во почетокот на градење на вистински систем на вредности. Креирање на закон за економско социјален совет, кој ќе се изградува согласно со моделот и принципите на европскиот економски и социјален модел ќе го одразува духот на добрата практика. На овој начин, преку еден ваков нов концепт, проевропски ориентиран, Република Македонија ќе може да ја засили позицијата и функцијата на граѓанинот во општеството за обезбедување и остварување на економските и социјалните потреби во сите сфери на живеење.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап и научната проценка. Според содржината и начинот на разработка, претставува дело во кое на оригинален начин се разработуваат примери, прашања и решенија со чија примена се овозможува постигнување на поголема ефикасност и ефективност во областа на економско-социјалните односи.

***Евалуација на трудот број 6***

**“Impact of recession on the macroeconomic variables in Republic Macedonia”, PhD Krume Nikoloski, MsC Darko Lazarov, Faculty of Economy, Goce Delcev University – Stip, 2010 – Јубилејна меѓинародна конференција, Варна**

Овој научен труд е резултат на научно истражување со кое се согледани и анализирани економските политики, насочени кон преземање на мерки за стабилизирање на националната економија, односно кон подобрување на економските перформанси во време на рецесија. Треба да се истакне дека трудот е презентиран на Меѓународна конференција во Варна.

Во овој труд се поставува прашањето дали секогаш овие макроекономски варијабли се движат истовремено, односно дали тие се движат со иста динамика. Одговорот е, секако, не. Во овој контекст, според Кејнзијанската теорија, како главна причина за појавата на рецесијата се наведува намалената ефективна побарувачка, односно побарувачката на секторот на домаќинствата и фирмите. Теоријата на реалните бизнис циклуси, како главна причина за појавата на рецесијата ја наведува намалената вкупна факторска продуктивност. Една од причините за намалување на вкупната факторска продуктивност која според теоријата на реалните бизнис циклуси претставува главна причина за појава на рецесијата се технолошките промени и феноменот labour hoarding. Монетарната теорија за деловните - бизнис циклуси, како главна причина за појава на рецесијата ја наведува понудата на пари. Кога централната банка води во подолг временски период рестриктивна монетарна политика, односно ја намалува понудата на пари, тоа доведува до намалување на вкупната економска активност во националната економијаи појава на рецесија.

Во овој труд, исто така, се дадени контроверзни одговори на прашањето дали треба да се преземат соодветни економски политики во услови на рецесија со цел стабилизирање на економијата. Голем дел од оваа котроверзност произлегува од различните економски мислења во макроекономијата помеѓу пристапите на класичарите и кејнзијанците. Претставниците на класичната економска школа не гледаат голема или каква било потреба за државна интервенција во услови на рецесија. Според нив, пазарот сам по себе ќе ги надмине таквите појави и економијата сама по себе ќе излезе од таквата состојба. Спротивно, кејнзијанските економисти велат дека бидејќи платите и цените се приспособуваат бавно, нарушувањето во производството или потрошувачката можат да ја оттргнат економијата далеку од нејзиното најпосакувано ниво на производство и вработеност за подолг временски период. Според гледиштето на кејнизијанците, државата треба да интервенира преку мерките на економската политика со цел ублажување на последиците од појавата на рецесијата и намалувањето на вкупната економска активност. Како најзначајни макроекономски политики за намалување на негативните ефекти со кои се соочува економијата во услови на рецесија и воедно нејзино стабилизирање, се наведуваат: фискалната и монетарната

политика. И врз основа на теоријата и врз основа на практиката, во период на рецесија треба да се применува експанзивна макроекономска политика. Авторот ја потенцира неопходноста од синхронизираност помеѓу мерките на фискалната и монетарната политика во насока на зголемување на ликвидноста во економијата, намалување на каматните стапки, зголемување на инвестициите и вработеноста, зголемување на доходите на економските субјекти и на крај на зголемување на побарувачката, односно на потрошувачката како краен показател за излез на економијата од фазата на рецесија. Доколку мерките на монетарната и фискалната политика не се доволно синхронизирани, тогаш економијата неминовно се соочува со состојба на т.н. пролонгирана рецесија (поради преголемата рестриктивност на монетарната и фискална политика) или со состојба на преголема монетарна стимулираност на економијата, односно инфлаторен јаз (поради прелабава монетарна и фискална политика).

Реално гледано, во трудот се констатира фактот дека финансиската криза ја предизвика економската криза, но во Република Македонија беше обратно, економската криза предизвика финансиска криза или криза во финансискиот сектор. Една од причините е фактот што финансискиот систем на Република Македонија не е во голема мера интегриран со светскиот финансиски систем, односно светските финансиски пазари немаат големо влијание на македонскиот финансиски пазар. Авторот истакнува дека негативните последици од оваа криза посебно ги почувствуваа метално преработувачките индустрии, текстилната индустрија и останатите дејности кои се поврзани со надворешно-трговскиот сектор, односно претпријатијата кои ги пласираат своите производи на странските пазари. Направена е детална елаборација поединечно за истакнатите негативни последици.

Исто така, во трудот се предлагаат и мерки на економските политики за надминување на рецесијата во Република Македонија. Овие мерки во трудот се хронолошки систематизирани.

Во однос на светската економска криза, односно во текот на 2008 година македонската економија бележеше континуиран пораст. Нејзиниот реален бруто домашен производ во таа година се зголеми за 4,9 проценти. Меѓутоа, во последниот квартал од 2008 година ефектите од светската економска криза почнаа да се чувствуваат и во македонската економија. Таа, веќе почнуваше да навлегува во фазата на рецесија со што стопанството се соочи со сериозен проблем на ликвидност. За да го намали овој проблем, Владата на РМ кон крајот на 2008 година донесе одлука со која на фирмите со нарушена ликвидност, кои имаат достасани, а неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки, им се изврши репрограмирање на долговите, со можност за отпис на каматите по тие долгови, ако фирмите редовно и во договорените рокови ја плаќаат главнината на тие долгови. Откако заврши рокот за пријавување на фирмите за стекнување на таквото право, беа евидентирани 2.807 претпријатија со долгови во износ од 165 милиони евра како главнина и 60 мил. евра како камата (таа можеше да се отпише ако фирмите ја платеа главнината). Покрај тоа, во тој пакет на антикризни мерки беше и конверзијата на долгот на четири државни компании во траен долг на државата со цел зголемување на нивната конкурентност и атрактивност за идна продажба. Како надополнување на сето ова, Народна банка на Република Македонија ја зголеми рестриктивноста на монетарната политика, односно ги зголеми стапките по кои банките издвојуваат задолжителна резерва на нивните денарски и девизни депозити и ја зголеми нејзината основна каматна стапка (каматна стапка на благајничките записи на НБРМ) на 9 отсто годишно. Оттука, деловните банки ги зголемија своите каматни стапки што доведе до поскапување на кредитите на банките, а со тоа и намалување на ликвидноста на економските субјекти.

Засилената динамика на економската криза предизвика финансиски импликации во македонската економија, што ја присили Владата на Република Македонија во почетокот на 2009 година да го донесе вториот сет на антикризни мерки. Најважни мерки во тој пакет беа претходно спомнатото ослободување на фирмите од обврската за плаќање данок на добивка за износот на прераспределената добивка во инвестиции и намалување на царинските стапки на суровините и репроматеријалите за голем број суровини за потребите на текстилната индустрија, како и за увоз на машини и опрема за металската индустрија, што требаше да биде во функција на заштита на тие две носечки извозни

индустриски гранки од надојдувачката рецесија што најмногу се манифестира токму во тие две стопански области. Паралелно со антикризните мерки, Владата на Република Македонија ја продолжува и ја засилува реализацијата на амбициозната економска програма за сеопфатни структурни реформи, односно реформи во деловното опкружување, со цел подобрување на влезот и излезот од пазарот и создавање слободна конкуренција, зајакнување на капацитетот на институциите, реформи во судството насочени кон забрзување на судските постапки, реформи во здравствениот систем, на пазарот на труд, во образованието, јавното финансиско управување и модернизација на инфраструктурата. Проекциите за 2010 година покажуваат дека македонската економија сѐ уште се соочува со сериозни тешкотии, но и покрај тоа, во втората половина од 2010 година се очекува да почнаат позитивни стапки на економски раст. Владата на Република Македонија заедно со монетарната власт треба да продолжат да водат координирани политики кои ќе бидат во насока на економски просперитет во наредниот период.

Со прецизни и логични изразувања, со изразен научен и методолошки пристап, авторите прикажале голем број проблеми и прашања кои се релевантни за оваа широко комплексна област. Во трудот е присутен аналитичкиот пристап и научната проценка на авторот.

***Евалуација на трудот број 7***

**Доц. д-р Круме Николоски: „Принципите на индустриските односи во процесот на колективното преговарање”, Економија и бизнис, 2010**

Во овој научен труд предмет на истражување се современите индустриски односи кои се наоѓаат во социјално - економска траекторија. Нивната суштина наоѓа примена во соработката и заемното дејство меѓу државата, организациите на работниците и организациите на работодавачите при решавање на проблеми поврзани со заштитата на нивните основни економски и социјални интереси. Траекторијата на индустриските односи се смета за најдобра средина, во која што субјектите кои учествуваат во нив можат да ги постигнат своите оптимални цели. Почитувањето на принципите на индустриските односи од теоретска и практична гледна точка ја чинат суштината на дијалогот која претставува основа за натамошно проучување.

Во трудот се предлага создавање на неопходна нормативна база за заемна соработка меѓу учесниците во индустриските односи кој е задолжителен услов и претпоставка за нејзиното ефикасно спроведување. Нормативната база ги вклучува законите со кои се уредуваат индивидуалните и колективните работни и осигурителни односи, нормативните акти на парламентот кои се однесуваат на работните односи, колективните работни договори меѓу работодавачите и соодветната организација на работниците и друго. Во однос на овој принцип, Република Македонија како резултат на тоа што нема соодветно искуство во оваа област сѐ уште нема изградено ефикасна нормативна база.

Во овој труд, од научен аспект според авторот, Република Македонија треба да ги преземе сите неопходни мерки и да создаде систем на индустриски односи. Искуството во многу земји во светот ни покажува дека колку е подобро изграден системот од принципи, норми, правила, процедури за заемно дејство меѓу учесниците во системот на индустриските односи, толку поефикасно функционира системот на колективните работни односи. Посебен акцент е ставен на анализата на состојбата за воспоставување на систем на индустриските односи во Република Македонија, како и отсуството на овие прицили коишто ја оддалечуваат земјата од интегративните процеси. Во овој процес, почитувањето и воведување на принципите, како и нивната ефикасност е демонстрација на можностите на трипартизмот за развој и усовршување на работните и осигурителните односи, како и за укрдување на современите индустриски односи. Почитувањето на „принципите на индустриските односи” од теоретска и практична гледна точка ја чинат суштината на колективното преговарање и дијалог која претставува основа за натамошно проучување. Доколку се има општ интерес, тогаш социјалните партнери треба да се согласуваат за многу прашања и проблеми. Во најголем дел тие треба да се однесуваат на инвестирањето во човечките ресурси, да го стимулираат личниот и колективниот развој и професионална обука на сите нивоа на системот на индустриските односи. Понатаму, сериозно вниманите

треба да се обрне на заштитата при работа и заштита на здравјето (преземање на превентивни мерки), односно обезбедување на добри услови за работа избегнувајќи секаков ризик штетен по здравјето на работниците. Исто така, заеднички да продолжат да работат кон изградба на културата и традициите во колективното преговарање и заеднички да ги воведуваат добрите практики и стандарди за реализација на социјалното партнерство во рамките на социјалниот дијалог. Врвен постулат останува дека законското уредување и почитување на „принципите на индустриските односи" не може да се постигне без обединување на силите и заложбите на целокупното македонска општество во развојот на економско-социјалните односи. Карактер на аксиома има разбирањето, дека системот на индустриските односи во секоја земја ги одразува нејзините традиции, обичаи, право, економски и социјални услови, ниво на развој, како и нејзините специфични усови.

Авторот понатаму во трудот за постигнување на овие цели ги има проучено искуствата на многу земји во светот, како и меѓународните правни норми во областа на колективните работни односи. Државата е таа која треба да обезбеди законска рамка за профункционирање на индустриските односи, како и да земе учество во спроведувањето и регулирањето на колективните работни односи донесени врз база на претходни консултации и соработка со претставниците организациите на работниците и работодавачите. Исто така, неопходно е утврдување и на критериуми и правила за негово профункционирање на национално ниво, како и на ниво на административно-територијални единици. За таа цел, априори, државата треба да ја преземе врз себе одговорноста за административна поддршка со определување и регулирање на процедурите неопходни за реализација на оваа предлог иницијатива.

Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа. Како нов и оригинален труд од ваков вид кај нас, истиот ќе предизвика интерес кај сите оние што се занимаваат со проблематиката на индустрските односи.

***Евалуација на трудот број 8***

**Доц. д-р Круме Николоски: „Менаџмент на здравствено-информациони системи - од податоци преку информации до знаење". Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 2009**

Во овој труд главен акцент е ставен на информациите кои имаат директен придонес за раст и развој на секоја земја. Сите развиени земји ги третираат информациите и знаењето како примарни развојни фактори. Секоја здравствена информација ја следи работата на јавно-здравствениот систем. Информацијата е потребна на здравствениот менаџмент за поставување на цели, развој на здравствени програми и управување со средствата. Реално гледано, секоја држава треба да овозможи здравствените информации да се дистрибуираат до сите заинтересирани страни. За анализа и дискусија, здравствените информации треба да бидат достапни до медиумите, јавноста и јавно-здравствените професионалци.

Авторот **потенцира дека проучувањето и добивањето на сознанија од областа на здравствената заштита е функција на сите јавно**-здравствени професоналци. За остварување на оваа функција веќе повеќе декади јавно-здравствените агенции и институциите за истражување ја искористуваат информационата технологија за да ги олеснат активностите за менаџмент на податоците (собирање на податоци, анализа, известување и друго). Истовремено, јавно-здравствените информациони системи се создаваат за да ги поддржат специфичните потреби од специфични програми за болести во рамките на здравствените оддели, на пример, скрининг на новородените, недостатоци при раѓањето, витална регистрација, имунизација, набљудување на поврзани заболувања, набљудување на хронични заболувања, здравствено образование, превенција од повреди и друго. Од научен аспект, многу од овие системи содржат непотребни податоци, но како и да е, различните форми на податоци и стандарди ја исклучуваат интеграцијата на податоци преку системите за поддршка и истражување на одлуките во јавното здравство. На овие системи им недостасува способноста да обезбедат податоци во вистинско време назад до обезбедувачите на услуги за координација на здравствената заштита и превенција од болести. Република Македонија може да го избере најдоброто од искуствата на другите земји за да воспостави современ и ефикасен интегриран здравствено-информационен систем. Во овој процес, најважни барања се политичката волја и посветеноста на здравствените менаџери,

обезбедување на соодветни ресурси и обуки, експлицитни политики и одговорности за стандардите на податоците и нивна употреба. Успешноста на јавно-здравствениот систем во достигнувањето на сите горespomenати цели може да се измери врз база на мерливи здравствени индикатори. Тие помагаат во мерење на промените во здравствениот статус, директно или индиректно, и помагаат во проценка на степенот до кој целите на една здравствена програма се постигнати. Во трудот се истакнува дека тие се основна алатка на менаџментот, којшто е одговорен за донесување одлуки и спроведување акции во насока на креирање и развој на здравствената политика. Од овие причини, со цел за успешно менаџирање и користење на здравствените индикатори, тие се поделени во неколку групи, и тоа: демографски и социоекономски индикатори, индикатори базирани на морталитет, морбидитет и лекување во болница, инвалидитет и работна способност, животен стил, животна средина, организација на јавно-здравствената заштита, здравствените работници во здравствената заштита и искористување на капацитетите во здравствените установи. Мерењето на здравствениот статус содржи два елемента: времетраење на отсуство на болест или квалитет на животот и јачина на болест или инвалидитет. Доколку се евалуираат овие состојби, од аспект на нивната појава и развој кај пациентите, тие можат да дадат важни податоци за воспоставените здравствени стандарди во секој јавно-здравствен систем. Студиите за следење на состојбите се неразделен дел на сите нивоа на јавно-здравствен систем во рамките на една земја, до таа мера што отсуството на организиран систем на следење и ревизија на податоците се смета за сериозен недостаток на современиот здравствен менаџмент.

Целта на овој труд е да се развијат минимален број на индикатори кои се споредливи помеѓу популациите и ги идентификуваат клучните мерки на прашањата и стратегиите кои се бараат за извештај на регуларноста на статусот на јавно-здравствениот систем. Во практиката на многу земји, на здравствено-информационите системи им недостасува кохезија, развивајќи се елемент по елемент, моделирани преку административен, економски, законски притисок и притисок на донаторите и исти се непроменливо многу комплексни. Еден начин да се поедностави ова прашање е да се опишат димензиите на побарувачката: на кого му се потребни податоци и зошто им се потребни?; димензиите на понудата: алатките и методите расположливи за да ги создадат потребните информации и димензии на ниво: нивото на системот до кој податоците се создаваат и употребуваат. Имено, секој систем, особено јавно-здравствениот систем се бори за точни, квалитетни, комплетни, навремени и корисни информации.

Во овој труд се направени обиди да се појасни разбирањето на научните информации врз основа на добро развиени здравствено-информациони системи и да се потенцира нивното значење за донесувањето на одлуки. Анализирајќи ги сите овие активности, здравствените информации ја претставуваат основата на организираност, средeност и поврзаност на елементите во јавно-здравствениот систем, односно основата на интегритетот на здравствено-информациониот систем. Ниту една јавно-здравствена установа и/или институција не може да опстане без организиран систем на информации. Потребата за интеграција на системите и за комуникација на информации во јавно-здравствениот систем станува очигледна, особено кога се проучуваат потребите на низа заинтересирани учесници, многу апликации и нивната важност. Министерството за здравство и другите нивоа на јавно-здравствениот систем со сигурни информации за здравствените проблеми и активности на здравствената служба, потребни за поддршка во планирањето, мониторингот на здравствени услуги и донесувањето одлуки. Токму поради сето ова што е кажано од страна на авторот, употребата на клучните индикатори е значајна за зајакнување на националниот здравствено-информационен систем. Тие можат да бидат разгледани како столб на системот, обезбедувајќи минимум информации потребни за поддршка на макро и микро ниво на функционирање на јавно-здравствениот систем. Ваквото широко согледување придонесува сите земји, до одреден степен, да пристапат во реформирање на сопствените национално јавно-здравствени системи, односно да пристапат кон подобрување на функционалноста на здравствената информациона средина, јавно-здравствената инфраструктура, здравственото образование, човековиот развој и економскиот развој.

Трудот претставува, според содржината и начинот на изработка, дело во кое на оригинален начин е разработен моделот на здравствено-информацискиот систем, и се дадени предлог-решенија со чија употреба ќе се овозможи подобро функционирање на јавно-здравствениот систем.

*Евалуација на трудот број 9*

**Доц. д-р Круме Николоски: „Човечки ресурси во јавно-здравствениот систем – од адекватна работна сила до квалитетна здравствена заштита". Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 2009**

Во овој труд, објавен во зборник од трудови на Економски факултет – Штип, авторот ги истражува човечките ресурси во јавно-здравствениот систем кои се од есенцијално значење за подобрување како на економскиот развој, така и за квалитетот на живот. Човечките ресурси треба да се усогласат со целите и ресурсите на една земја. Во овој процес суштината е едноставна, само „преку адекватна работна сила се доаѓа до квалитетна здравствена заштита".

Во овој контекст, сè уште не постои целосна методологија за проценка на адекватноста на здравствената работна сила која ќе биде упатена да одговори на потребите за здравствена заштита за дадена популација. Априори, кадровската политика треба да биде насочена кон избор на адекватна работна сила за да може да ја спроведе работата на јавно-здравствената установа и да произведе квалитетна здравствена заштита. Во трудот се посочува дека овие јавно-здравствени работници ќе бидат компетентни за проценка и решавање на здравствени проблеми, планирање и формулирање на цели, поставување на стратегии за остварување на поставените цели и спроведување на програми од областа на јавното здравство. Ваквиот пристап бара и адекватно планирање за кое е неопходна и анализа на: внатрешни фактори, како што се слободните работни места, потребните вештини, развој или редукција на одделенија и надворешни фактори, како што е пазарот на работна сила.

Во трудот е илустрирана и слабоста во мониторинг на здравствените човечки ресурси. Се потенцираат клучните приоритети за поддршка на локалниот менаџмент, како и донесувањето на одлуки за националната и меѓународната стратегија кои треба да се однесуваат на најновата статистика на секоја земја. Во трудот хронолошки се презентирани клучните приоритети.

Фундаментален елемент во процесот на одредување на потребите за здравствен кадар е сознанието за неговата актуелна состојба. За оваа цел како неопходни се истакнуваат системите на податоци, засновани на периодична регистрација или попис на лицата во здравствениот сектор. Секоја промена на статусот на здравствениот работник (пензионирање, смрт, преселување, емиграција или напуштање на професијата), треба да се заведе во регистарот на активни медицински лица. За извршување на мониторингот се потребни средства, а висината на средствата одвоени за мониторинг треба внимателно да биде определена. Тие зависат од важноста на информациите што се обезбедуваат преку мониторингот и влијанието што тие го имаат врз зголемувањето на ефективноста и ефикасноста на системот што е предмет на проучување. За да се зајакне функционирањето на јавно-здравствениот систем не е потребно само зголемување на бројот на јавно-здравствените работници, туку исто така и акции за зајакнување на нивната регрутација, дистрибуција, одржливост (овде се мисли одржливост на едно работно место, а не ротација) и продуктивност. Националните стратегиски планови за човечките ресурси во здравството вклучуваат краткорочни и долгорочни цели за мониторинг на мерењето на здравствената сила и приспособување на секоја главна здравствена реформа (на пример, како што е децентрализацијата). Овие стратегиски планови беа хармонизирани со пошироките стратегии за социјален и економски развој (на пример, стратегиски реферат за намалување на националната сиромаштија). Цениме дека ова би било императив да се прегледа сегашниот избор на предложените индикатори на национално и регионално ниво, посебно во процесот на воспоставување соодветни основи и цели специфични за земјата. Преку овие дискусии, важно е да се има предвид, онаму каде е зможно, рутински да се изградат, анализираат и да се дејствува на собраните податоци преку постоечкиот административен процес. Рутински собраните податоци понатаму можат да бидат додадени

и потврдени преку периодични и ад хок прегледи и други стандардни статистички извори.

Во заклучокот, авторот одбележува дека за да имаме континуирано подобрување на квалитетот потребно е да има мултидисциплинарен пристап. Појдовна основа на ваквиот пристап е да се направи сеопфатно согледување на јавно-здравствените потреби и да се започне со потрага во обезбедување на адекватна здравствена сила за подобро функционирање и подобрување на задоволството на пациентот. Очигледно е дека во Република Македонија голем број организации можат да играат улога во контролата на квалитетот: Министерството за здравство; Здравствениот инспекторат; Фондот за здравствено осигурување; Републичкиот завод за здравствена заштита; Професионалните здруженија (како на пример, Македонското лекарско друштво); коморите и факултетите по медицина, фармација и стоматологија; раководствата на здравствените установи; индивидуални професионалци и потрошувачи. И покрај тоа што голем број улоги се опишани во Законот за здравствена заштита и во други правни акти, а секоја организација знае што прави во областа на осигурување квалитет, сепак недостасува една сеопфатна слика за координирани одговорности за севкупниот квалитет и за подобрување на квалитетот на здравствената заштита.

Значењето, сложеноста и суптилноста на овие прашања упатуваат на сознанието дека во рамките на овие прашања и нивно разрешување треба да се бара во спроведување на дополнителни процедури, норми и критериуми во процесот на спроведување на реформите. Трудот е изработен со примена на методите на научноистражувачката работа, и доминира аналитичкиот пристап и научната проценка.

***Евалуација на трудот број 10***

**Доц. д-р Круме Николоски: Нов модел за постигнување на широк општествен консензус. Меѓународен научен собир на тема: Социо-културни аспекти на евроинтеграцијата, Прилеп, 2008**

Во овој труд објавен и презентиран на Меѓународен научен собир од посебно значење е тоа што авторот презентира детална елаборација за правото на труд и неговата хуманизација кое се темели на принципите на високите морални вредности коишто се насочени кон почитување на основните човекови права, слободата на трудот, достоинството, социјалната правичност, солидарноста и одговорноста. Во трудот, доц. д-р Круме Николоски укажува и на новите тенденции во контекст на тоа, доколу сакаме да постигнеме висок и стабилен економски раст треба да посееме хумана организација на општествениот труд - организација, којашто ќе ги идентификува потребите на работничката класа, прифаќајќи ги како достојни и социјално праведни. Имајќи ја предвид политичката, економската и социјалната состојбата во Македонија авторот на трудот го изразува сопственото мислење, од аспект на идентификација на сегашните проблеми коишто треба да бидат разрешени во процесот кон евроинтегративните аспирации. Пред сè, го посочува проблемот со економскиот раст. Неминово е да се докажува дека стабилниот економски раст е сè она што е детерминирано од расположливоста на ресурсите, неопходни за развојот и усовршувањето на општествениот труд, за достоинствено учество на работничката класа и на сите граѓани. Тоа е, всушност, целта на државата во развојот на економско-социјалните односи. Преструктуирањето на економијата го поставува проблемот во насока на зголемување во изборот на такви работници, кои ќе можат и ќе бидат мотивирани да одговорат на предизвиците во промените и да обезбедат постигнување на висока продуктивност на трудот и конкурентна способност на претпријатијата. Меѓутоа, во трудот се потенцира дека сето ова не може да се оствари, без да се инвестира во човечкиот капитал, без да се усовршува образовниот систем и системот на професионална обука, без да се изгради и да функционира систем за зголемување на квалификацијата и преквалификацијата на вработените и на невработените. Притоа, не треба да се заборави максимата дека државите и претпријатијата коишто не инвестираат во човечкиот капитал со сигурност нема да имаат иднина. Затоа во трудот се предлагаат препораки доколку сакаме да имаме иднина во стремежот кон европските хоризонти, да се чувствуваме конфорно на светските пазари, треба да располагаме со национална стратегија и политика за зголемување на квалитетот на трудот, со систем на континуирана обука и со инвестициона програма за негово реализирање, којашто ќе вклучува инвестирање

во човечкиот капитал како од страна на државата и од страна на работодавците, така и од страна на други заинтересирани економски и социјални субјекти. Колку побрзо ќе се разреши овој проблем, толку поуспешни ќе бидеме во нашите залагања во утврдување на еден вистински хуман режим на општествениот труд. Во овој случај, авторот константира дека доколку на влезот и на излезот на нашиот економски раст не се поставaт социјалните цели - постигнувањето на полна, слободно избрана, доброволна и ефикасна вработеност на економското активното население, како и можноста за вложениот труд секој работник да добие доволно средства за достоинствено живеење, тогаш хоризонтот за решавањето на проблемите на општествениот труд и на неговата ефективна заштита ќе се оддалечи од вистинската насока кон посакуваниот успех. Во контекст на ова, Меѓународната организација на трудот го поставува меѓудругите и проблемот за гарантирање на едно од основните човекови права - правото на труд. Секој човек има право на труд - така вели и Уставот на Република Македонија. Исто така, и државата се грижи за создавање на такви услови, кои што ќе придонесат за реализација на тоа право. Гарантирањето на правото на труд е поврзано со вработувањето, а вработеноста кај нас во овој транзиционен период постепено се намалува. Побрзото намалување на вработеноста, односно побрзо отпуштање на работниците во општествениот сектор и побавното создавање на работни места во приватниот сектор доведоа до намалување на вработеноста. Хуманизацијата на трудот во неговиот современ облик бара достигнување на широко и безрезервно реално учество на претставниците на организациите на работниците, на работодавачите и на останатите заинтересирани граѓани во општеството при решавање на проблеми поврзани со разработување и остварување на економска и развојна социјална политика на земјата, врз основа на заемна доверба и почитување на секоја од страните меѓу одделните социјални субјекти при донесување и спроведување на одлуките. Како резултат во спроведувањето на реформите во социјалната област авторот формулира и неколку основни предизвици за социјалната политика на Република Македонија, коишто се презентирани во трудот.

За авторот е најважно дека при креирањето на нов модел на институционална форма на дијалог според европскиот социјален модел треба да биде применета практиката на економско-социјалниот комитет. Практично, Република Македонија ќе реши едно многу важно општествено прашање - ќе се добие независно институционално тело од државата кое ќе ја изразува општествената волја и слобода. Всушност, преку ваква институција и нејзината перманентна активност во практика ќе се остварува еден од најважните принципи за постигнување на широк општествен консензус.

Во заклучок ќе истакнеме дека авторот има прецизни и логични изразувања, со изразен научен и методолошки пристап, со кои прикажал голем број проблеми и прашања кои се релевантни за оваа широко комплексна област.

***Евалуација на трудот број 11***

**Доц. д-р Круме Николоски: „Менаџментот во креирањето на здравствената стратегија", Економија и бизнис, 2008**

Во овој труд, меѓу научно-стручните области за кои се очекува натамошен силен подем во XXI век, секако може да се вброи менаџирањето во новото јавно здравство. Тоа е посебно научно подрачје на сеопфатно испитување на бројни прашања од областа на новото јавно здравство кои придонесуваат за зголемување на здравствените трошоци и стратегиите за контролирање на истите.

Во трудот доц. д-р Круме Николоски укажува и на новите тенденции во јавно-здравствената политика коишто претставуваат водечки принцип од серија постапки ориентирани кон изработка на здравствена стратегија и постигнување на поставените цели, а се преземаат од страна на овластени учесници од страна на државата. Авторот потенцира дека тоа претставува нов домен на интерес меѓу професионалните групи дури и во развиените земји. Влијателната политика на било кое ниво бара разбирање на јавната политика за да се влијае на процесот на создавање на политиката. Јавното здравство е организирано на локално, регионално и државно ниво. Затоа една од клучните функции на јавно-здравствени професионалци е да влијаат и да ги обликуваат политичките одлуки на сите нивоа за доброто на населението. При креирање на здравствената стратегија

менаџментот мора да ја земе предвид потребата за обезбедување на соодветен квалитет на услугите од здравствените работници и институции, преку поставување и одржување на стандарди, процедури за лиценцирање и механизми за одржување на квалитетот на услугата

Ваквите согледувања на авторот имаат широк пристап коишто придонесуваат Република Македонија, до одреден степен да пристапува во реформирање на сопствените национални здравствени системи кон подобрување на јавно-здравствената структура, здравственото образование и економскиот развој. За постигнување на повисоко ниво на здраво општество е потребно зајакнување на меѓусекторска соработка меѓу јавните, невладините и локално-ориентираните органзации.

Во трудот, авторот ги разработува аспектите на менаџментот кои имплицираат целосна автономија во изградбата на здравствена стратегија, одговорност за одреден вработен и неговата работа. Моделот на целосен квалитет значи дека одговорноста лежи во процесите и во финансиските институции. Менаџментот се гледа, пред сè, во широките познавања на наведените проблематики, кои вклучуваат и развој на тие подрачја и примена на нови научни достигнувања и технологии, како и правни и етички стандарди во секој здравствен систем кои се значајни за квалитетот на здравствената заштита. Затоа стратешкиот менаџмент е применлив и во здравствениот систем, од причини што ги вклучува задачите и ги дефинира приоритетите, како и методите за нивна реализација. Секоја здравствена интервенција чини пари, што по дефиниција го ограничува она што може да се обезбеди. Да се дејствува во рамките на еден буџет значи дека мора да се избира меѓу повеќе работи. Стратегијата се однесува на долгорочни планови за постигнување на специфични цели, посочување на проблемите и начинот на нивo решавање. Стратегијата им дава приоритет на оние здравствени интервенции што се најпотребни, што се најмногу ценети од населението и што се најефикасни. На тој начин менаџментот дава мерлива емпириска димензија на формулирањето на одредена стратегија.

Авторот укажува на фактот дека менаџерскиот пристап кон решавање на оваа дилема е професионален пристап кон промовирање на сеопфатното ново јавно здравство. Здравствената стратегија е комплексен систем на активности и вклучува широк спектар на интервенции во физичката и општествената средина, а воедно уметност на можното.

Трудот е претставен на оригинален начин, во кој се дадени предлог-решенија со чија примена се овозможува да се елаборира важноста на менаџментот и неговото користење во креирање на стратегија.

***Евалуација на трудот број 12***

**Доц. д-р Круме Николоски: Трипартизмот - предизвик во процесот на приближување кон Европска унија, 2007**

Во овој труд се истражени основните проблеми и тенденции во развојот на трипартизмот коишто се поврзани со промените во економската, технолошката, политичката и социјалната сфера, а особено со глобализацијата која претставува реален предизвик на трипартизмот. Како резултат на интернационализацијата и глобализацијата на економијата, „трипартизмот" одигра многу важна ролја во процесот на политичките, економските и социјалните промени во земјите со развиено пазарно стопанство, како и во соработката меѓу трудот и капиталот за зачувување на социјалниот мир.

Врз основа на Спогодбата за асоцијација и стабилизација со Европската унија, потпишана на 9 април 2001 год. се направија одредени измени во Законот за работни односи. Измените се поврзани со директивите на Европската унија во функција на операционализација на макроекономската политика, како и со Програмата за зголемување на вработеноста со цел доближување на националното законодавство со она на Европската унија. Во овој контекст, авторот потенцира и дека покрај повеќе донесените измени и дополнувања во Законот за работни односи во деловите кои се однесуваат на: начин на заснoвање на работен однос на определено и неопределено време; синдикати и работодавци; плати и надоместоци; скратено работно време; распределување на работник; престанок на работен однос, со отказ поради економски, структурни или технолошки промени; заштита на правата на работниците; инспекциски надзор во областа на работните односи; економско-социјалниот совет; не се постигнаа значителни резултати околу регулирањето и флексибилноста на пазарот на работна сила.

Од научен аспект, токму поради непостоењето на ефикасен механизам на трипартизам и неефикасното социјално партнерство, транзицијата не ги дава очекуваните резултати во остварувањето на Националната стратегија за интеграција на Република Македонија во Европската унија во делот на реформите кои се однесуваат на социјалната политика и вработувањето. Конечно, денес се прават напори за отворен дијалог помеѓу власта и граѓаните, а тоа ќе придонесе трудот да стане респектиран фактор на општествените реформи, а не тој да биде наполно маргинализиран. Важно е дека трипартизмот игра клучна улога во остварување на целите и на Меѓународната организација на трудот, во промоција на можностите мажите и жените да ја вршат работата во услови на слобода, еднаквост, сигурност и човечко достоинство. Трипартизмот ги вклучува сите видови на преговори, консултации или едноставно размена на информации помеѓу претставниците од владата, работодавците и работниците за теми од заеднички интерес поврзани со економската и социјалната политика. Тој може да постои како трипартитен процес со вклучување на владата како официјална страна во трипартитниот дијалог или пак тој може да биде и на бипартиски релации помеѓу трудот и менаџментот, со или без инволвирање на државата. Преговорите можат да бидат неформални или институционализирани, а многу често и комбинација од двете. Тие можат да се одвиваат на национално, регионално или на ниво на претпријатие, а можат да бидат и интерпрофесионални, секторски или комбинирани. Република Македонија неопходно е да создаде модел на трипартитни консултаци и преговори помеѓу владата, организациите на работодавците и организациите на работниците. Новата социјална парадигма за конструирање на нашето општество и негово рационално управување бара квалитетни промени во механизмите на социјалната комуникација. Неопходноста во изградба на уникатен модел на „трипартизам" е можноста да се создаде едно ново рамниште на општествена дебата. Во контекст на ова, авторот ги издвојува следниве прашања:

1. Какво е законското и подзаконското уредување на индустриските односи во Република Македонија?
2. Какви се интересите на субјектите во системот на индустриските односи?
3. Каков е соодносот на силите на синдикатите и на работодавците?
4. Колку се развиени гранковите структури на работодавците и на синдикатите?
5. Колку е централизиран или либерализиран економскиот систем на Република Македонија?

Огромна е улогата на државата да даде водечки придонес во реализација на трипартизмот и нејзината цврста определба да биде дел од Европа. Имено, перспективите за афирмација на нов правен механизам на трипартизмот треба да се бараат првенствено во отстранувањето на присутните проблеми регистрирани во оваа сфера. Во таа насока претстојат сериозни обврски. Република Македонија којашто се стреми кон современо демократско општество треба да се развива во основата на трипартизмот доколку го следи примерот на земјите од Западна Европа. Авторот сакал да потенцира дека трипартизмот е современ и ефикасен модел за решавање на социјалните конфликти во услови на негово практикување. Во таа смисла од аспект на научни истражувања на авторот во областа на трипартитните процеси истакнува серија постапки кои се неопходни да се направат во правец на перспективите на креирање на нов модел.

Во процесот на развој на трипартизмот треба да бидат искористени искуствата и достигнувањата на економски развиените земји, како и искуствата од земјите од балканскиот регион. Со преземањето на сите мерки за интегрално воспоставување на новиот развоен концепт, конечно сите субјекти учесници во системот на индустриските односи заеднички ќе учествуваат во неговата изградба.

Визијата е ваквиот потез од страна на државата и прифаќање на ваква правна форма на „трипартизам" да биде чекор кон нов развоен циклус, што ќе ја предводи новата етапа во развојот на националниот и културниот живот, во почетокот на градење на вистински систем на вредности и ќе ја понесе Република Македонија во Европската унија.

Трудот е изработен на оригинален начин со примена на методите на научноистражувачката работа, присутен е аналитичкиот пристап и научната проценка. Според обемот и стрктурата на содржината се разработуваат примери, прашања и предлог-решенија со чија примена се овозможува поголема ефикасност и ефективност во системот на индустриските односи.

***Евалуација на трудот број 13***

**Доц. д-р Круме Николоски: Социјалниот дијалог – неразделен дел од општествен економскиот систем, 2007 Скопје**

Во овој труд е разработена проблематиката поврзана со изградбата на социјално - економските односи и нивното демократизирање кое се остварува врз основа на принципи и функции, насочени кон постигнување на оптимален сооднос меѓу економските и социјалните претпоставки во изградба и усовршување на работните односи како одраз на едно демократско граѓанско општество. Меѓу основните цели во процесот на приближување на законодавството е развивање на правна рамка за функционирање на одржлив пазарно ориентиран општествено - економски систем, отворен кон Европа и промоција на Република Македонија како социјална држава. Како последица на недостигот од соодветни принципи, норми, процедури и критериуми како неминовни фактори во развојот на економско-социјалните односи во Република Македонија, сè уште не се постигнати значителни резултати за подобрување на сегашната состојбата. Сметам дека ваквата ситуација во која недостасуваат дијалогот, преговорите и соработката е резултат на отсуство на општиот интерес меѓу учесниците во економско - социјалните односи.

За да стане членка на Европската унија, Република Македонија ќе треба да го исполни и овој услов меѓу групата услови за пристапување. Пристапувањето ќе се случи тогаш кога државата ќе биде способна да ги преземе обврските коишто произлегуваат од членството и со исполнување на економските, социјалните и политичките услови. За членството е потребно и државата-кандидат да има постигнато стабилност на институциите преку кои ќе се остварува дијалогот. Затоа, во овој труд авторот посочува дека приоритетот на Владата на Република Македонија треба да биде силно изразен преку нов законски концепт на дијалог, а тоа е нужноста за креирање на заеднички јавен простор каде што ќе се разменуваат мислења и ставови, ќе се решаваат проблемите и ќе се развива институционален дијалог на сите нивоа (на ниво на работодавец, општинско ниво, гранково, регионално и на национално ниво). Комуникацијата треба да ги отвори каналите за креирање на заедничките интереси во рамките на општеството и формирање на свест за македонската автохтоност и државност.

Авторот упатува на битен предуслов, а тоа е законско дефинирање на национална стратегија за развој на граѓанскиот сектор, законско дефинирање на нов модел на финансирање на граѓанските здруженија за да се обезбеди независност на нивното дејствување, како и формирање на нов национален систем за соработка во спроведување и институционализирање на дијалогот и координација меѓу субјектите во системот на индустриките односи. Процесот на интегрирање на Македонија мора да биде проследен со комплетен пакет на социјални мерки кои нема да дозволат реформите да бидат сфатени како отсуство на социјална правда и етничка пристрасност. Имено, решавањето на овие проблеми ќе зависи од капацитет колку ќе се залага Владата на Република Македонија за имплементирање и институционализирање на дијалогот како нејзина стратешка цел за достигнување на оптимална рамнотежа меѓу политичките, економските и социјалните потреби и постигнување на прифатлива разлика меѓу сиромаштијата и благосостојбата. Интеграцијата на Република Македонија треба да се темели на заедничките културни европски вредности врз база на организирано граѓанско општество, како што се владеењето на правото, општествена правда и одговорност, еднакви права и заштита на економските и социјалните интереси на сите граѓани на Република Македонија. Неминовна е активната меѓусебна соработка, дијалог, доверба и почитување врз основа на еднаквост на сите без оглед на бојата на кожата, верата и полот во насока кон остварување на поставените цели. Дијалогот е дел од демократијата, како начин на живот во современите услови на живеење. Тоа е процес што има почеток и продолжува како едно патување во работното време на општествениот и економскиот развој.

Според содржината и начинот на разработката, трудот е дело во кое на оригинален начин се дадени предлог-решенија со кои се овозможува да се актуализира наведената проблематика.

**Николоски К. (2008): Здравствена економија - интерна скрипта од предавања. Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.83**

Интерната скрипта по Здравствена економија е наменета за предметот што се слуша во вториот семестар од првиот циклус студии на Економски факултет – Штип. Скриптата има 83 страници и во неа се опфатени поглавја од областа на здравствената економија.

**Николоски К. (2009): Менаџмент на здравствено-информациски системи - интерна скрипта од предавања. Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, стр.103**

Интерната скрипта по Основи на економијата и агроекономијата е наменета за предметот Основи на економија што се слуша во вториот семестар од првиот циклус студии на Економски факултет – Штип. Скриптата има 103 страници и во неа се опфатени поглавја од областа на здравствено-информациски системи.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Доц. д-р Круме Николоски учествува на бројни семинари, конференции, конгреси и работнилници, и во земјава и во странство. Во текот на посочениот временски период, доц. д-р Круме Николоски е избран за член на комисии во телата на Универзитетот и единицата на матичниот факултет каде што работи, односно Економски факултет-Штип. Поважни од нив се следниве:

- член на Универзитетска конкурсна комисија;
- член на Комисија за настава и научна дејност;
- член на Јомисија за финансии, инвестиции и развој;
- член на Сенат при Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип;
- член на Комисија за планирање, градење и техничка опрема на Економски факултет-Штип;
- член на Комисија за утврдување на начинот на оценување на активност на студентите;
- член на Комисија за попис на основни средства и ситен материјал на Економски факултет – Штип;
- член на Комисија за проверка на студиско досие.

Во овие рамки од особено значење е развојната дејност на кандидатот која има третман на посебен системски сегмент, кој се усогласува со генералните барања и стандарди врзани и условени со професионалниот развој и негово напредување.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, а истовремено разгледувајќи ја наставно-образовната и научноистражувачката активност на пријавениот кандидат д-р Круме Николоски, Комисијата едногласно му дава доверба на работното место - наставник во сите звања за наставно-научната област *историја на економската мисла*.

Комисијата констатира дека кандидатот покажува континуиран и прогресивен научен и стручен развој и дава значаен придонес во областа на економијата и економските теории. Неговиот континуиран интерес за научноистражувачка работа се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови коишто покажуваат неговата ориентација за системски пристап кон пошироки области и проблематики коишто се предмет на негови истражувања и ангажмани. Исто така, Комисијата оценува дека при неговата научноистражувачка работа, кандидатот придонесува за осознавање и истражување на движењата на современите општествено-економски процеси ги анализира истите и ги следи поновите трендови во соодветните области, користејќи ја научната методологија и потоа ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна работа.

Кандидатот д-р Круме Николоски има исклучително богата активност во повеќе сфери на наставно-научната дејност, научноистражувачката и апликативно-раководната активност. Земајќи го предвид широкиот дијапазон на неговиот интерес и неговата активност како професор, научник и истражувач, неоспорен е впечатокот за исклучителноста на неговиот интелектуален капацитет.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека д-р Круме Николоски ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест да му предложи на Наставно- научниот совет на Економскиот факулет, доц. **д-р Круме Николоски да го избере во звањето вонреден професор за наставно-научна област историја на економската мисла, согласно со објавениот Конкурс.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф д-р Тодор Тодоров, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Мицески, член, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**

**ТАБЕЛА**

**за вреднување на актиностите на Круме Николоски, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставници, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Позитивно рецензирана скрипта од предавања | 1 | 8 | 8 |
| Интерна скрипта од предавања | 3 | 4 | 12 |
| Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 18 | Број на часови по 1,5 поени за 2011/2012 и по еден поен за секој предмет | 32 |
| Член на комисија за одбрана на магистерска работа | 7 | 1 | 7 |
| Член на комисија за одбрана на дипломска работа | 7 | 0,2 | 1,4 |
| Рецезент на учебник скрипта | 2 | 1 | 2 |
| Рецезент на соработници и наставници | 21 | 1 | 21 |
| Одржани предавања на постдипломски студии на одржан курс | 2 | 3 | 6 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 3 | 1 | 3 |
| Рецезент на научен труд | 2 | 1 | 2 |
| Учество на научен собир ео реферат (пострер/усно) | 2 | 1,5+2=3,5 | 3,5 |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>1. Доц.д-р Круме Николоски, Животниот стандард наспроти здравјето на економијата, Економија и бизнис, 2011<br>2. Доц.д-р Круме Николоски, Креирање на економско социјален модел – состојба и перспективи, Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Економски факултет, 2010<br>3. “Менаџмент здравствено информациони системи - од податоци преку информации до знаење”- Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Економски факултет, 2009<br>4. “Менаџментот во креирањето на здравствената стратегија”, Економија и бизнис, 2008 | 4 | 9/6/3 | 4*3=12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Труд објавен со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови на стручен собир во странство 1 и останати два во земјава<br>5. "Impact of recession on the macroeconomic variables in Republic Macedonia", PhD Krume Nikoloski, MsC Darko Lazarov, Faculty of Economy, Goce Delcev University – Stip, 2010 – Јубилејна меѓинародна конференција, Варна<br>6. Macroeconomic policies during recession and post-recession period, ", PhD Krume Nikoloski, MsC Darko Lazarov, Faculty of Economy, Goce Delcev University – Stip, 2010 Internationl coference, the economy end business in post – recession, University St. Kliment Ohridski - Bitola<br>7. „Нов модел за постигнување на широк општествен консензус", Меѓународен научен собир на тема: Социо-културни аспекти на Евроинтеграцијата, Прилеп, 2008 | 3 | 1+1+2 | 4 |
| Труд објавен со оригинални научни резултати објавени во зборник од трудови<br>8. Доц.д-р Круме Николоски, м-р Дарко Лазаров, Неокласичен модел на раст, Годишен зборник, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 2011 (во тек – под печат)<br>9. „Принципите на индустриските односи во процесот на колективното преговарање", Економија и бизнис , 2010<br>10. „Човечки ресурси во јавно-здравствениот систем – од адекватна работна сила до квалитетна здравствена заштита", Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Економски факултет, 2009<br>11. „Трипартизмот- предизвик во процесот на приближување кон Европска унија", 2007<br>12. „Социјалниот дијалог – неразделен дел од општествено-економскиот систем", 2007, Скопје | 5 | 1 | 5 |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Продекан | 1 | 8 | 8 |
| Член на универзитетски и владини тела | 5 | 5 | 25 |
| Член на Сенат | 1 | 5 | 5 |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | 4 |
| Раководител на катедра | 1 | 4 | 4 |
| Елаборати и експертизи | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **154** | | |